# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ



| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Четврток 25 Февруари 2021 година Број 02/2021 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|



Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање Согласност на
Одлуката за утврдување на вредноста на
бодот за платите на вработените во ЈП
„Плаваја„ Радовиш донесена од Управниот
одбор број 0202-39/2 од 18.01.2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈП„Плаваја„ Радовиш донесена од Управниот одбор број 0202-39/2 од 18.01.2021 година, бр. 08-320/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23. 02.2021 год.

Бр. 09-320/2
25 Февруари 2021 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 88 став(2) од Законот за административни службеници (,,Службен весник на Република Македонија,,бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Радовиш, на седницата одржана на 23.02.2021 година, донесе

ОДЛУКА
за давање Согласност на Одлуката за
утврдување на вредноста на бодот за платите
на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш
донесена од Управниот одбор
број 0202-39/2 од 18.01.2021 година

Член 1

Се дава Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш донесена од Управниот одбор број 0202-39/2 од 18.01.2021 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„ , а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2021 год .

Бр. 08-320/1
23 Февруари 2021 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката определување крајбрежен појас
на поток 1 во с.Прналија општина Радовиш
опфатен со урбанистички план за село за
изработка на хидролошка студија за
регулација на водотек во село Прналија
општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката определување крајбрежен појас на поток 1 о с.Прналија општина Радовиш опфатен со урбанистички план за село за изработка на хидролошка студија за регулација на водотек во село Прналија општина Радовиш, бр. 08-321/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 23. 02.2021 год.

Бр. 09-321/2 Градоначалник
25 Февруари 2021 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член131 став2 точка 3 од Законот за води ("Сл.в. на РМ", бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/0, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/2016) и член 21 став 1 точка 18 и 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 23.02.2021 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КРАЈБРЕЖНИОТ ПОЈАС НА ПОТОК 1 ВО С.ПРНАЛИЈА ОПШТИНА РАДОВИШ, ОПФАТЕН СО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЗА ИЗРАБОТКА НА ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА ЗА РЕГУЛАЦИЈА НА ВОДОТЕК ВО СЕЛО ПРНАЛИЈА, ОПШТИНА РАДОВИШ

Член 1

Со оваа одлука се определува широчината на крајбрежен појас на водотекот на ПОТОК 1 во рамки на УПС (Урбанистички план за село Прналија, Општина Радовиш, дефинирана со координати при влез на Поток 1 од Т1 Y =7617988,1467 X = 4614060,2525 стационажа (0+000,0km) и Т2 Y = 7618192,2237 X 4614171,4748 стационажа (0+261,46km), а заради заштита и одржување на природното и уреденото речно корито и брегот на реката.

Член 2

Широчината на крајбрежниот појас на водотекот Поток 1, опфатен со УПС (Урбанистички план за село Прналија, Општина Радовиш од крајната линија на регулацијата на речното корито ќе изнесува најмалку 3m.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог УПС (Урбанистички план за село Прналија, Општина Радовиш – Синтезен план во размер 1:1000 и геодетски координати за опфатот, дел од Хидролошка студија изработена од "ИН-ПУМА" ДОО Скопје.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Радовиш.

Бр. 08-321/1 Совет на општина Радовиш
23 Февруари 2021 г. Претседател
Радовиш Викица Манолева с.р.

**ИСПРАВКА** на Одлука за давање Согласност за работа со поголем број деца во воспитни групи во Јавна општинска установа за деца детска градинка „Ацо Караманов„ Радовиш за 2020/2021 година број 08-1477/1 од 24.12.2020 година, број **08-**1477/1 од 24.12.2020 година донесена од Советот на општина Радовиш

Поради техничка грешка се врши ИСПРАВКА во насловот на горенаведената Одлука и во член 1 од истата, каде наместо зборот „поголем„ треба да стои зборот „помал„.

Насловот на Одлуката гласи: Одлука за давање Согласност за работа со помал број деца во воспитни групи во Јавна општинска установа за деца детска градинка „Ацо Караманов„ Радовиш за 2020/2021 година.

Општина Радовиш
Сектор за нормативно-правни,
јавни дејности и општи работи
Раководител
Оливера Долдурова

СОДРЖИНА :

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш донесена од Управниот одбор број 0202-39/2 од 18.01.2021 год. --- 1
ОДЛУКА за давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈП „Плаваја„ Радовиш донесена од Управниот одбор број 0202-39/2 од 18.01.2021 год.---- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката определување крајбрежен појас на поток 1 во с.Прналија општина Радовиш опфатен со урбанистички план за село за изработка на хидролошка студија за регулација на водотек во село Прналија општина Радовиш -------------------------------- 1
ОДЛУКА за определување на крајбрежниот појас на поток 1 во с.Прналија општина Радовиш, опфатен со урбанистички план за село за изработка на хидролошка студија за регулација на водотек во село Прналија општина Радовиш -------------------------------- 2
**ИСПРАВКА** на Одлука за давање Согласност за работа со поголем број деца во воспитни групи во Јавна општинска установа за деца детска градинка „Ацо Караманов„ Радовиш за 2020/2021 година број 08-1477/1 од 24.12.2020 година, број **08-**1477/1 од 24.12.2020 година донесена од Советот на општина Радовиш ------------------------------------------------------ 2